Република Македонија
Влада на Република Македонија

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-2873/1
31.7.2017 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Во прилог ви се доставува за извршување Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Македонија под бр. 44-2873/1 од 31.7.2017 година.

ПРИЛОГ: 1

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Генералниот секретаријат на Владата (ИТ сектор)

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.7.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ МЕТРОПОЛ** со седиште на Нас. Долно Коњско бб – Охрид , ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ХОТЕЛИ – МЕТРОПОЛ а.д Охрид , поднесе барање бр. УП1 13-55 од 02.02.2017 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ МЕТРОПОЛ со седиште во нас.Долно Коњско бб – Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-55 од 09.02.2017 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 44- 2873/1**
**31 јули 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**